Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт и врски, на ден 13.02.2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ ДУПД за Бензиска пумпна станица со услужен центар на магистрален пат А1 (М1-Е75), на КП бр. 4834/1, 4835/1 и 4836/1, м.в. Црно Поле, КО Табановце, општина Куманово потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ ДУПД за Бензиска пумпна станица со услужен центар на магистрален пат А1 (М1-Е75), на КП бр. 4834/1, 4835/1 и 4836/1, м.в. Црно Поле, КО Табановце, општина Куманово се определуваат следните: општина Куманово, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН и др.

3. За планскиот документ ДУПД за Бензиска пумпна станица со услужен центар на магистрален пат А1 (М1-Е75), на КП бр. 4834/1, 4835/1 и 4836/1, м.в. Црно Поле, КО Табановце, општина Куманово, за чија изработка е одговорно Тајфа архитекти ДООЕЛ Куманово, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ ДУПД за Бензиска пумпна станица со услужен центар на магистрален пат А1 (М1-Е75), на КП бр. 4834/1, 4835/1 и 4836/1, м.в. Црно Поле, КО Табановце, општина Куманово ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 24-1586/1
Место: Скопје

Министер
Горан Сугарески